Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје
Стоматолошки факултет - Скопје

# Извештај за работа на деканот на Стоматолошкиот факултет – Скопје

декември 2023 – декември 2024

Проф. д-р Ќиро Ивановски

јануари 2025
Скопје

## I. ВОВЕД

Извештајот на деканот за работата на Стоматолошкиот факултет во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје, за периодот декември 2023 - декември 2024 година, претставува обврска која произлегува од Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје, со цел да се обезбеди отчетност пред Наставно - научниот совет на Стоматолошкиот факултет и органите и тела на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје.

Во Извештајот се презентирани реализираните и остварени активности во периодот декември 2023 - декември 2024, други активности произлезени од измените во законските и подзаконските акти и тековното работење на Факултетот. Сите активности во извештајниот период се во насока на континуитет во работењето и унапредувањето на високообразовната, научноистражувачката и применувачката дејност на Факултетот.

## II. АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИТЕ НА ФАКУЛТЕТОТ

Наставно-научниот совет, Деканатската управа и деканот своите активности ги реализираа согласно надлежностите утврдени со законот, актите на Универзитетот и Факултетот, а во рамките на програмата за работа на деканот и тековните работни активности за наведениот извештаен период. Реализираните активности во овој Извештај се презентирани по области.

**Наставно-научниот совет** во извештајниот период одржа 11 (единаесет) седници на кои беа извршени избори во наставно-научни, научни и соработнички звања; се спроведуваше постапка за избор на редовни професори; се предлагаше ангажирање на стручњаци од практиката, се усвои завршната сметка и финансиски план, се донесуваа одлуки за продолжување на договорите за вработување на наставниот кадар, се донесе одлука за организирање на научни и стручни едукативни настани во организација на Стоматолошкиот факултет – Скопје, се разгледуваа и донесува одлуки за утврдување на потреба за издавање на учебници и учебни помагала, се разгледуваа прашања поврзани со реализирање на наставната, научната и апликативната дејност и спроведувањето на специјализациите за што се донесуваа акти. Исто така беа разгледувани извештаи и предлог одлуки од постојаните работни тела и беа донесувани акти кои се во надлежност на ННС утврдени со Законот за високото образование. Исто така, беше одржана и изборна седница за избор на Ректор на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје.

**Деканатската управа** одржа 3 (три) седници за реализација на прашањата од својата надлежност. Меѓу другото, во извештајниот период, Деканатската управа се грижеше за остварувањето на дејноста и развојот на Факултетот и донесе акти поврзани со реализацијата на јавните набавки, правата и обврските на студентите и вршеше други работи што се во нејзина надлежност согласно со актите на Факултетот.

Во извештајниот период, постојаните работни тела (Кадровскиот одбор, Наставниот одбор, одборот за специјализации и супспецијализации, Одборот за меѓународна соработка, Етичката комисија, Наставно-научниот колегиум на студиска програма за втор циклус на студии, Советот за докторски студии) одржуваа седници, решаваа за прашања од нивниот делокруг и доставуваа извештаи до Наставно-научниот совет на Факултетот.

### Центар за кариера

Во изминатиот период, продолжи да функционира Центарот за кариера на Стоматолошкиот факултет – Скопје како дел на Центарот за кариера на Универзитетот и реализираше бројни активности согласно Правилникот за Центарот за кариера на

Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, донесен од страна на Универзитетскиот сенат.

Центарот за кариера на Стоматолошкиот факултет – Скопје, организираше Отворен ден на УКИМ, согласно насоките дадени од страна на Универзитетот. Идните студенти имаа можност да се запознаат со студиските програми на Стоматолошкиот факултет во состав на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, начинот на изведување на теоретската и практичната настава, одблизу да ги разгледаат заботехничките лаборатории, биохемиската и микробиолошката лабораторија, амфитеатрите и салите за изведување на практична настава, опремени според највисоки стандарди. Матурантите остварија непосреден контакт со дел од наставниот кадар на Факултетот, преку кој имаа можност да се информираат за активностите на Факултетот, за научно-истражувачките проекти, меѓународната размена, практикантството но и да ги слушнат искуствата на студентите од нашиот Факултет.

Центарот на кариера на Стоматолошкиот факултет – Скопје во состав на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје, согласно склучениот меморандум за соработка со Друштво за трговија, производство и услуги ПРОМЕДИКА ДООЕЛ Скопје, додели ваучери за финансиската поддршка на најдобро дипломираните студенти на Факултетот. Двата најдобро дипломирани студенти од студиската програма за доктори по дентална медицина, добија ваучер со 50% попуст за набавка на опрема од давателот на финансиската поддршка за отворање на сопствена здравствена установа, додека пак најдобро дипломираниот студент од студиската програма за стручни забни техничари доби ваучер со 30% попуст за набавка на заботехнички материјали. Издадените ваучери имаат важност од 3 години, сметано од денот на доделувањето.

Во насока на унапредување на вештините и насочување на студентите во нивниот понатамошен кариерен развој, Центарот за кариера на УКИМ организираше настани кои имаа за цел да го олеснат процесот на преминување на студентите од академската во бизнис средината и претставуваше можност за студентите да стекнат вештини за подготовка на професионално CV, избор на соодветна професија, создавање на мрежа на познанства итн.

Студентите и вработените од нашиот факултет имаа можност да учествуваат на бесплатни едукативни курсеви во организација на Друштво за трговија, производство и услуги ПРОМЕДИКА ДООЕЛ Скопје, како и на други настани кои ги организираше Центарот за кариера.

## III. НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Со цел унапредување на практичната настава, покрај постоечкиот Меморандум за соработка склучен помеѓу **Црвениот крст на Република Северна Македонија-Црвен крст на град Скопје** и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје, Факултетот склучи меморандум за соработка со **Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија**. Исто така, Факултетот го зголеми опфатот и на граѓани од **општина Центар** и во овие проекти, освен децата, вклучени се и граѓаните под социјален ризик и пензионерите од Општина Центар. Исто така, благодарение на соработката оваа општинна, децата од градинките и раните одделенија од основните училишта преку предавања и практични вежби се запознаа со правилното миење на забите, одржувањето на оралното здравје и неговата важност. Значајно е да напоменеме дека со ваквите активности, како јавна високообразовна установа не само што

придонесуваме за решавање на проблемите со оралните заболувања и постигнување на оптимално орално здравје кај населението, унапредна е и практичната настава при што е овозможено секој студент да стегне големо практично искуство.

Врз основа на Универзитетскиот **календар на активности** и неработни денови во учебната 2024/2025 година беше донесен Календарот на Стоматолошкиот факултет – Скопје.

Стоматолошкиот факултет, успешно ги реализираше следните конкурси за запишишување на студенти:

- Конкурс за запишување студенти на прв циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2024/2025 година, на кој беа запишани студенти во сите три испитни рока;
- Конкурс за запишување студенти на втор циклус студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2023/2024 година, на кој беа запишани студенти во вториот уписен рок;
- Конкурс за запишување студенти на втор циклус студии на студиските програми на
- Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во учебната 2024/2025 година, на кој беа запишани студенти во првиот уписен рок;
- Конкурс за запишување студенти на трет циклус студии - докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во академската 2023/2024 година, на кој беа запишани студенти во вториот уписен рок;
- Конкурс за запишување студенти на трет циклус студии - докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во академската 2024/2025 година, на кој беа запишани студенти во првиот уписен рок.

Резултатите од уписите се објавуваа на веб-страницата на Факултетот а извештаите од уписите беа разгледувани на органите и телата на Факултетот.

Во извештајниот период за прв пат од своето постење, Факултетот запиша странски студенти на студиската програма за доктори по дентална медицина на англиски јазик.

Во согласност со актите на Универзитетот, **добиени се согласности за вршење на високообразовна дејност** на Стоматолошкиот факултет за лица избрани во звање од наставно-научните совети на Медицинскиот, Природно-математичкиот, Филолошкиот факултет и Факултетот за физичко образование, спорт и здравје. Исто така, добиени се и **согласности за ангажирање на стручњаци од практиката, кои заради недоволниот број на вработен наставен кадар се неопходни за правилно функционирање на практичната настава**.

Во извештајниот период, беше реализирана одлуката за ангажирање на **визитинг професори**. Имено, предавања одржа проф. д-р Иван Алајбег од Стоматолошкиот факултет при Универзитетот во Загреб,

Со почеток на учебната 2021/22 година започна да се применува новиот систем за учење на далечина на УКИМ - **iLearn**. Употребата за овој систем продолжи и во извештајниот период.

Во извештајниот период, продолжи да функционира и унапредува **компјутерската проверка на знаењето на студентите**, како дел од напорите за овозможување на пообјективна проверка на знаењата на студентите. Базата на прашања во софтверот за компјутерско полагање во континуитет се надополнува со нови прашања доставени од наставниот кадар.

Во извештајниот период е спроведена евалуација на наставата од страна на студентите, согласно новите упатства доставени од Ректоратот на Универзитетот.

Од страна на органите и телата на Факултетот, во изминатиот период **се одлучуваше по барања** од сегашните и поранешните студенти на Стоматолошкиот факултет – Скопје. Со цел унапредување и воедначување на критериумите за редовност на теоретската и практичната настава, Наставно-научниот совет на предлог на Наставниот одбор донесе **став за минимум обврски на студенти кои повторно запишуваат ист предмет.** Наставниот одбор на Факултетот презеде активности и донесе акти за **уредно водење на медицинска документација** за пациенти од практична настава и беа изработени обрасци за водење на истата на унифициран начин.

## IV. СТУДЕНТИ

Во извештајниот период, студентите беа активно вклучени во работата на органите и телата на Факултетот. За одбележување е нивното учество во наставниот одбор и координативните средби организирани од раководителот на организационата единицата за ЕКТС, каде по долги дискусии со наставниците се донесуваа заклучоци за подобрување на квалитетот на наставата. Студентите, заедно со наставниците од Стоматолошкиот факултет, учествуваа во поголем број на промотивни настани организирани од Центарот за кариера на Стоматолошкиот факултет – Скопје, учествуваа и организираа научни собири наменети за нив. Исто така, студентите учествуваа во одбележување на значајни денови и месеци за стоматологијата преку активностите кои ги организираа а имаа за цел подигнување на јавната свест за оралното здравје.

Студентите на Стоматолошкиот факултет – Скопје, во рамки на Универзитетски спортски натпревари, во дисциплината КОШАРКА – МАЖИ и ОДБОЈКА - МАЖИ освоија III- место. По тој повод, беа доделени благодарници на студентите за придонес во унапредување на спортските активности на студентите и успешно претставување на Стоматолошкиот факултет – Скопје. Исто така, Наставно-научниот совет на Факултетот донесе Одлука за ослободување од плаќање на половина од износот на уписнина за прв циклус студии во учебната 2024/2025 година за студентите кои освоија III-то место во дисциплината кошарка и одбојка мажи во рамки на Универзитетски спортски натпревари.

### Факултетското студентско собрание на Стоматолошки факултет – Скопје (ФСС-СФ)

Имајќи во предвид дека секоја година се спроведуваат избори на претседател и членови на Факултетското студентско собрание на Стоматолошки факултет – Скопје, факултетот презема низа активности за организирање на истите. Имено, за успешно спроведување на фер и демократски избори за членови и претседател на Факултетското студентско собрание одржани се собири на студентите на кои истите имаа можност да предлагаат кандидати за членови и претседател на Факултетското студентско собрание. За нов претседател на ФСС-СФ е избран студентот Емир Зенговски.

Членовите на ФСС-СФ во соработка со наставниот кадар на Факултетот доставија предлог-проект на распишаниот Интерен конкурс за културни, спортски активности и други манифестации на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје за 2024 година. Предлог проектот со наслов ,,Унапредување на оралната хигиена кај студентската популација'' е одборен од страна на Ректорската управа на Универзитетот и се доделени средства во износ од 34.000,00 денари.

***Соработка и активности на ФСС-СФ со други студентски собранија и асоцијации со студенти***

Претседателот и членовите на ФСС-СФ, како дел од активностите за меѓународната соработка и врежување на студентите, во извештајниот период, беа домаќини на студенти кои членуваат во Европската студентска стоматолошка асоцијација (EDSA) и го организираа Европската визитинг програма (EVP) во Скопје. Студентите - гости беа запознаени со работата на Факултетот и наставните бази на Факулетот и имаа и прилика да ги видат и знаменитостите на нашиот главен град.

ФСС-СФ активно учествуваше на настанот организиран од Универзитетското студентско собрание за одбележување на меѓународниот ден на студентите. На настанот студентите ги претставија активностите и целите кои ги нуди нашиот факултет а присутните имаа можност да ги добијат и совети за унапредување на оралната хигиена.

**Студентски конгрес и летна школа**

Факултетското студентско собрание на Стоматолошки факултет – Скопје, во Конгресниот центар во Охрид и на Стоматолошкиот факултет во Скопје, во период од 10.5.2024 до 12.5.2024 година, успешно го реализираше 30-тиот Меѓународен студентски конгрес на студентите по стоматологија и 5-та летна школа за студенти по стоматологија и млади доктори по дентална медицина. Едукативните настани имаа меѓународен карактер.

**Учество на студентите на настаните од континуираната едукација**

Согласно склучениот меморандум помеѓу Стоматолошкиот факултет – Скопје и Македонското стоматолошко друштво (МСД) и Програма за научноистражувачка работа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – Стоматолошки факултет – Скопје, за периодот 2020 – 2024, овозможено е бесплатно учество на студентите на настани од континуирана едукација во организација на МСД и здруженијата во негов состав. Активностите за споделувањето на информации за настаните и начинот на пријавувањето и изборот на учесници на настаните ги спроведува Факултетското студентско собрание и Стручната и административна служба во соработка со МСД.

## V. НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

Во извештајниот период беа преземени низа активности за унапредување на научно-истражувачката дејност на Стоматолошкиот факултет која е составен дел од дејноста на Факултетот и е од клучно значење за неговата меѓународна репутација, репутацијата на Универзитетот, како и за подигнување на квалитетот на наставата.

**Научно-истражувачки проекти**

***Научно-истражувачки проекти одобрени од Универзитетот***

Во извештајниот период, беа преземни активности од страна на главните истражувачи на проектите за реализација на доделените проекти од страна на Универзитетот.

***Научно-истражувачки проекти од сопствени средства***

Согласно **Програмата за научно-истражувачка работа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје – Стоматолошки факултет – Скопје, за периодот 2020 – 2024**, кој е стратешки документ на Факултетот и **Правилникот за начинот и постапката за финансирање на научно-истражувачки проекти на Стоматолошкиот факултет во Скопје**, во 2023 година беа одобрени 4 (четири) проекти и истите беа презенитрани во претходниот извештај за работа на деканот. Со оглед дека истите имаат двегодишна временска рамка за нивна реализација, во изминатиот извештаен период беа преземени активности за реализација на проектите согласно барањата од главните истражувачи. Во текот на 2025 година, се очекува проектите да бидат реализирани во целост и истите да бидат презентирани пред членовите на Наставно-научниот совет и други заинтересирани лица.

Во извештајниот период, Наставно-научниот совет на предлог на Научниот одбор одобри **2 меѓународни научно-истражувачки проекти** и тоа: 1) ,,Оралното здравје кај институционализирани стари лица: јавно здравствен пристап“, каде главен истражувач и раководител на проектот е нас. доц. д-р Влатко Коколански и 2) ,,Определување на остеоиндуктивниот потенцијал на ниско-дозажен клиндамицин енкапсулиран во микросунѓери во комбинација со ксенографт за постекстракциона презервација на алвеола “, каде главен истражувач и раководител на проектот е проф. д-р Едвард Јанев.

**Пристап до електронски бази**

Во извештајниот период за вработените на Стоматолошкиот факултет – Скопје е продолжен бесплатниот пристап до дваесетина електронски бази на EBSCO сервисот и до електронската база на научни и стручни трудови и книги – **HINARI**.

**Организирање на симпозиуми, курсеви и работилници**

На 10.2.2024 година беше одржан симпозиумот со наслов: ”Превентивна стоматологија - начин за одржување на оралното здравје”, кој беше акредитиран од страна на Стоматолошката комора на Македонија.

На вработените, студентите и специјализантите, во соработка со Промедика им беше дадена можност за бесплатно учество за работилниците организирани од нивна страна.

Стоматолошкиот факултет – Скопје, согласно доставените пријави за организирање на едукативни настани, во извештајниот период, организираше две работилници и тоа: 1) ,,Ортодонтски третман – видови на апарати и различни начини на поместување на забите, пародонтален одговор и индивидуален пристап во оралната профилакса“ и 2) ”Флап дизајн, техники на сутурирање и хируршки принципи на препарација на имплантно лежиште”.

**Македонски стоматолошки преглед**

Списанието, во извештајниот период, продолжи да излегува како on-line издание, а трудовите се достапни на веб страната на Факултетот. Сите трудови се рецензираат и лекторираат, а потоа графички се обработуваат и се запишуваат во Националната и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ со цел подобрување на квалитетот на списанието.

**Активности за реализација на Ризница на трудови**

Во извештајниот период, Стоматолошкиот факултет продолжи со внесување на податоци во ризницата на научни и уметнички трудови на УКИМ.

**Годишни конференции за докторски студии**

На 2024 година во просториите на Стоматолошкиот факултет се одржаа годишните конференции за студентите запишани на трет циклус студии. Презентациите беа во најголем дел позитивно оценети, но беа и проследени со конструктивни забелешки. Истите беа прифатени од страна на кандидатите и нивните ментори, во интерес на понатамошна успешна реализација на докторските дисертации и подигнување на нивното научно-истражувачко ниво.

## VI. СПЕЦИЈАЛИЗАЦИИ

Во извештајниот период, продолжи реализацијата на активностите за реализација на планот и програмата на веќе одобрените специјализации од минатите извештајни периоди. Исто така, Одборот за специјализации и супспецијализации одобруваше и специјализации на странски државјани согласно можностите на катедрите.

За реализираните обврски на менторите како и за учеството во комисиите за полагање на предиспитен специјалистички и специјалистички испит, обврските редовно се подмируваа и во континуитет се исплатуваа доспеаните надоместоци на наставниот кадар. Исто така, во извештајниот период, се продолжи со навремено исплаќање на надоместоците кон јавните здравствени установи – наставните бази во кои се спроведуваат турнусите на здравствените специјализации.

## VII. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Во изминатиот период, продолжи соработката со високообразовните установи од странство со кој нашиот Факултет има склучено билатерални договори.

**ЕРАЗМУС+**

Стоматолошкиот факултет успешно ги реализираше активностите за објава и номинирање на кандидати по конкурсите во рамки на програмата Еразмус+ акција 1: индивидуална мобилност за наставен кадар и студенти, објавени од страна на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје.

**Членство во меѓународни асоцијации**

Стоматолошкиот факултет во Скопје и оваа година е полноправна членка во Асоцијацијата за стоматолошка едукација во Европа (анг. **Association for Dental Education in Europe - ADEE**). Со членството во оваа асоцијација, вработените и студентите имаат пристап до ресурсите објавени на web страната на ADEE. На вработените на Стоматолошкиот факултет во Скопје и на студентите им е овозможен бесплатен пристап до сите ресурси и бенефиции кои ги нуди асоцијацијата.

## VIII. ФИНАНСИИ И ИНВЕСТИЦИИ

Во овој извештаен период, продолжи инвестицискиот циклус за подобрување на просторните услови во кои се изведува теоретската и практичната наставата, набавка на опрема и материјали за практична настава, набавка на информатичка технологија и сервисирање на постоечката стоматолошка опрема. Исто така, беа преземени низа активности за воспоставување на системот за јавна внатрешна финансиска контрола и усогласување на сметководството на Стоматолошкиот факултет со единствената организација на сметководствените системи и заедничките сметководствени политики на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје како и спроведување на системот на интерни контроли и интерни постапки на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј'' во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје.

Во изминатиот период беа реализирани планираните јавни набавки согласно годишниот план за јавни набавки за 2024 година донесен од страна на Деканатската управа кои имаа за цел нормално функционирање на Факултетот.

Во извештајниот период стапи во сила Колективниот договор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Република Северна Македонија со кој се предвидени голем број на поволности за вработените. Деканатската управа беше запознаена со одребите од склучениот колективен договор и беше одлучено да се преземат активности за имплементација на сите права на вработените предвидени со истиот.

Исто така, **во континуитет продолжи исплатата на обврските** по основ на реализација на втор циклус студии; реализација на трет циклус студии; предавања и вежби над нормираниот обем на часови на додипломските студии; реализација на специјализации согласно со Законот за здравствената заштита; учество во рецензентска комисија за избор во звање, како и учество во работата на комисиите, работните и стручните тела, работните групи и сл.

Во изминатиот период беа преземени активности за зголемување на приходите кои ги плаќаат студентите запишани на нашиот Факултетот. За жал, од надлежните ресорни министерства тоа не беше дозволено. Исклучок претставува зголемувањето на школарината за студирање на трет циклус на студии, која значително се зголеми за студентите со македонско државјанство а особено за студентите со странско државјанство сметано од академската 2024/2025 година.

Во двата мои мандатни периода, согласно одлуките на органите на управување на Факултетот, беа вложени значителни средства во капитални инвестиции: опрема, и реконструкција на објекти. Дел од средствата, како што беше презентирано во изминатите извештаи за работа на декан, беа обезбедени и од основната буџетската сметка. Но, она на што сакам да укажам е дека значително намалување на средствата на сопствената сметка настанаа во последната година заради доследно применување на одредбите од колективниот договор. Имено, во фискалната 2024 година во споредба со фискалната 2023 година, износот кој се издвојува за плати на вработените е зголемен за повеќе од четири пати. И покрај се, на крајот од мојот мандат, сопствената сметка 788 ја оставам со добра кондиција со над 100.000.000,00 денари на органите на управување на Факултетот.

## IX. ДРУГИ АКТИВНОСТИ

Во извештајниот период, активностите кои што ги преземаше Факултетот беа препознаени од страна на пошироката општествена заедница. Имено, Факултетот ја доби 13 Ноемвриската награда од Град Скопје за 2024 година и признание од Црвениот крст на Македонија - Оскар на хуманоста.

***

Реализацијата на активностите во сите дејности на Стоматолошки факултет беше овозможна во соработка со непосредните соработници - продеканите, раководителите на катедрите, но и академскиот и административно-техничкиот кадар на Факултетот. Со несебично вложување и работа придонесовме за остварување на изнесените резултати во овој извештај, за што им се заблагодарувам.

Со почит,

Д Е К А Н
проф. д-р Ќиро Ивановски